**2017008070**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 9 став (4) од Законот за даночни, царински и други фискални погодности во врска со одржувањето на УЕФА Супер Куп 2017 во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/16) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, АКЦИЗА И НАДОМЕСТОЦИ ПРИ УВОЗ, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПРИВРЕМЕН УВОЗ СО ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЕФА СУПЕР КУП 2017

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, за реализација на УЕФА Супер Куп 2017.

Член 2

Барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, за реализација на УЕФА Супер Куп 2017 се поднесува на образец ДДВ-УЕФАСК-ФФМ-БО на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-305/1
16 јануари 2017 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски,** с.р.

Образец: ДДВ-УЕФАСК-ФФМ-БО

Прилог

ДО: ______________________________

Б А Р А Њ Е

за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, за реализација на УЕФА Супер Куп 2017

Молам царинскиот орган согласно член 9, став (1) и став (3) од Законот за даночни, царински и други фискални погодности во врска со одржувањето на УЕФА Супер Куп 2017 во Република Македонија да одобри ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на добра/стоки, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување за цели на реализација на УЕФА Супер Куп 2017 кои се содржани во ова барање.

1.ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ :

| | |
|---|---|
| Назив на барател: | |
| Даночен број на барателот: | |
| Име и презиме на одговорното лице: | |
| Адреса/Седиште | |

2. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

| | |
|---|---|
| Име и презиме на лице за контакт: | |
| Телефонски број | |
| Е- пошта | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОКИ/ДОБРА ЗА КОИ СЕ БАРА ОСЛОБОДУВАЊЕ:

| Реден број | Број и датум на фактура /профактура /договор за купопродажба, во кои е содржано доброто-стоката | Опис на стоките/ добрата (марка, вид, тип, ) | Тарифна ознака | Количина | Вредност на стоката/ доброто во странска валута |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | В К У П Н О : | |

Датум и место на поднесување

_______________________________

МП

Барател

_______________________________

(потпис на овластено лице)